**Традиционално**, и оваа година како и многуте години до сега со Нехар Травел, скијајте во најдобро друштво и со искусни водичи во најголемите ски центри во Франција.

**Ве водиме во LES ARC 1800 – Гигантот на француските Алпи**, ски центар кој бележи многу брз развој и денеска заедно со La Plagne, спаѓа во комплекс на еден од најголемите ски центри –
***PARADISKI (Les Arcs/Peisey-Vallandry/La Plagne)** располага со **425 км** беспрекорно обработени ски/борд патеки на надморска висина од 1200 до 3226 м. за сите категории на скијачи, како и воодушевувачка панорама кон Монт Блан. Наша топла препорака е да земете "ESENTIAL" ski pass за PARADISKI регионот.

***LES ARC** се состои од 5 населби:
Bourg Saint Maurice, Arc 1600, Arc 1800, Arc 1950 i Arc 2000- сите поврзани !

***LES ARC 1800** располага со 200 км ски патеки и е на надморска висина од 1800 м.најпопуларно и најголема ски населба со најбогата Apres Ski содржина. Многубројни пабови,ресторани, продавници...

*Според истражувањето на World Snowboard Guide, спаѓа меѓу најдобрите snowboard дестинации, а секако едно од најдобрите ски дестинации во Франција.

| Термин: | LES ARCS – PARADISKI 1800 | од 679 € |
|---|---|---|
| 06.03.2026 | Ski F R A N C E 2026 | |

| LES ARC 1800 | 06.03.2026 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Тип на сместување** | **Број на кревети** | | | | |
| **RESIDENCE STANDARD CHARMETTOGER** | 6 | 5 | 4 | 3 | 2 |
| **STUDIO 4 lica** | | | **689** | **749** | **769** |
| **STUDIO 5 lica** | | **679** | **709** | **769** | 879 |
| **APARTMAN 5 lica** | | **699** | **739** | **799** | **829** |
| **APARTMAN 6 lica** | **689** | **719** | **769** | **839** | |
| **ODALIS PRESTIGE 5* "EDEN ARC" 4 lica** | | | **949** | **1069** | **1319** |
| **ODALIS PRESTIGE 5* "EDEN ARC" Confort 6 lica** | **899** | **959** | **1059** | **1249** | |
| **DOPLATA ZA ESSENTIAL SKI PASS : +35 EVRA** | | | | | |

## FIRST MINUTE ЦЕНА:

**Цените се дадени за пакет аранжман во евра по лице. Плаќање исклучиво во денари според курсот 1€=62 мкд**

**Програма:**

**1.ден-петок, СКОПЈЕ - *LES ARC 1800:*** Состанок на групата на паркингот кај спортската сала "Борис Трајковски" во 06:30 часот. Поаѓање за ***LES ARC 1800*** во 07:30 часот. Се патува преку граничниот премин Табановце. Патување преку Србија, Хрватска, Словенија, Италија, со попатни паузи и гранични формалности. Ноќно возење.

**2 ден-сабота *LES ARC 1800:*** Пристигнување во попладневните часови и сместување во апартманите. Слободно попладне за запознавање со местото. Ноќевање

***3–8 ден LES ARC 1800: Шест дневно скијање во LES ARC 1800**. Ноќевање.*

**9. ден-сабота *LES ARC 1800*-СКОПЈЕ:** Напуштање на собите до 10:00. Поаѓање за Скопје со попатна посета на еден од најголемите шопинг аутлет центри во Италија – VICOLUNGO, непосредно пред Милано. (Нема можност за заверување на Tax free на Хрватска граница поради долгата процедура која може да трае повеќе од 2 ч.)
**10 ден – недела СКОПЈЕ:** Пристигнување во попладневните часови.

**Во цената е вклучено:**

- Превоз со високотуристички автобус со LCD TV, DVD на релација **Скопје – *LES ARC 1800*– Скопје**
- 7 дневно сместување во одбрани студиа / апартмани според ценовникот во ***LES ARC 1800***
- 6 дневен скипас за стазите на ***LES ARCS***
- Туристички пратител за време на турата

**Во цената НЕ Е вклучено:**

- Задолжително патничко осигурување со вклучен додаток од спортски ризик 950 ден.
- Задолжителна Туристичка такса **15 €** по лице за цело време на престој во студијата и апартманите а за ODALIS EDENARC 5* изнесува **28€.** Се плаќа во агенција.
- ***ESENTIAL Paradiski skipass*: *35*€** по особа за **425 км** ски патеки плус бројни привилегии: Резервација задолжителна со пријава и уплата во агенција. Наша препорака!
- Задолжителна доплата за електронска ски карта: **2 €**. Се плаќа во денари во агенција.
- Постелнина, крпи, прибор за лична хигиена.
- Завршно чистење на апартманите.

- *За ова патување важат Општите услови за патување на Нехар травел со Лиценца "А" бр.УП 1-69-653, кои се составен дел на секој Договор за патување (освен отказните трошоции кои важат според наведеното за овој ски аранжман).*

## Важни завршни напомени

1. **Дадената цена е Пакет цена по лице во зависнот од бројот на лица и тип на сместување, за максимално даден број на лица во студио и апартман, за 7 ноќевања, 6 дневна стандардна ски карта и вклучен автобуски превоз.**
.
2. **РЕЗЕРВАЦИЈА:**

- **Резервација за аранжманот е со задолжителна уплата од 12.000 денари по лице, остатокот се доплаќа НАЈДОЦНА до 01.Февруари 2026.**
Можност да се плати на 6 рати без камата, информации во агенција.
- Со самата резервација и платен депозит, странките добиваат Договор за патување со сите податоци за патувањето,типот на сместување, разни доплати како и Општи услови за патување.
- Уплатата може да се плати во готово или со кредитна/дебитна картичка, или вирмански преку банка.
- Постои можност да се спојат индивидуалните патници во повеќекреветно студио/апартман, како не би плаќале поскапо. Агенцијата може да посредува, **но НЕ и да гарантира** при ваквите случаи.

**Затоа, *дефинитивниот тип на студио/апартман и дефинитивната цена ќе зависи од бројот на лицата кои останувaат и типот на студиото/апартманот кој е одбран.* Странките однапред се согласни за овие услови и наведени цени по лице, без право на откажување.**

3. Според Шенгенските правила, Македонски пасош мора да има важност од мин. 90 дена од денот на напуштање на Шенген зоната (датум на враќање во Скопје). Од момент на влез во Шенген зоната, патникот во претходните 180 дена не треба да има престој подолг од 80 дена (со 10

дена ски програм, вкупно дозволени 90 дена во 180 дена). Организаторот не може да сноси одговорност во случај на гранични проблеми при влез во Шенген зоната.

4. За реализација на патувањето потребно е минимум 40 патници.
5. Агенцијата не може да влијае на катност, поглед, локација или одреден објект, повеќе од наведеното во понудата, дадено од страна на локалната агенција.
6. Агенцијата го задржува правото за промена на цената доколку дојде до зголемување на цените на услугите (гориво, сместување, ски пас, туристичка такса.. ) за кои агенцијата не може да влијае.

7. **FIRST MINUTE цена важи до 15.Октомври 2025.**
   После тој датум цената се зголемува за **50**€ по лице, без оглед на тип на сместување.
   Уплатениот пакет аранжман до тој датум останува по стара цена.
8. Патниците се должни 48 часа пред патување да го проверат часот и местото на поаѓање.
   .
9. **БАГАЖ**: Секој патник може да понесе **1 личен багаж (куфер или торба максимум 23 кг.)**, **1 пар ски или борд опрема сместени во багажник на автобус и 1 мала кабинска торба/ранец за пат во автобус.** .
10. **Распоредот на седишта во автобус е според датумот на уплата**.

11. Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот во случај на недоволен број на лица, најдоцна 30 дена пред тргнување. Во таков случај, уплатените средства во целост се враќаат исклучиво на трансакциска сметка на лицето кое уплатило, според законот за платен промет.

**12. Лицето кое има резервација должно е да ја уплати целосната сума на аранжманот најдоцна до 01.12.2025. Доколку лицето не ја изврши уплатата до крајниот рок, резервацијата ќе биде автоматски откажана. Патникот ќе биде теретен според отказните трошкови.**

**ОТКАЗНИ ТРОШОЦИ:**

13. Откажување од патувањето може да се направи исклучиво по писмен пат, доставен до НЕХАР ТРАВЕЛ, со образложение за отказот. За ова патување важат отказните трошкови кои се во согласност со Отказните трошкови на локалниот партнер, на кои НЕХАР ТРАВЕЛ не може да влијае, и тоа:
   Трошоци за откажување на патувањето кои се задржуваат:
   > Од моментот на пријавување до 12 недели пред **поаѓање**: **10%** од цената
   > 12 - 8 недели пред **поаѓање**: **20%** од цената
   > 8 – 4 недели пред **поаѓање**: **50%** од цената
   > 4 недели пред **поаѓање**: **100%** од цената

14. **Постелнина и крпи:** Во цената не се вклучени крпите, постелнина, тоалет хартија, сапуни, шампон во студијата и апартманите, а истите може да се изнајмат на денот на пристигнување по цена од: 15€ - единечна постелнина или 17€ -брачна постелнина и 15€ за сет крпи (2 за купатило, 1 за под, 1 за кујна), по лице. Сет за чистење: 6€. Детско креветче 50€. Потребно е да се резервира и уплати за крпи и постелнина при резервација во агенција (подоцна неможе да гарантираме достапност). Од досегашното наше искуство, најповолно е секој да понесе свој сет на постелнина и крпи. Цените се информативни.
   Во **EdenArc,** постелнини, сет крпи, е вклучено во цената.
15. **Депозит:** Депозит (гаранција) за секое студио е задолжителен и изнесува: **500€ по Студио за 4 лица, 600€ по Апартман за 5 лица, 500€ по Апартман во EdenArc,** Се плаќа при пристигнување, непосредно пред сместувањето. Плаќањето е **исклучиво** со резервирање на средства во висина на депозитот од **кредитна картичка** (**VISA** или **MASTERCARD**). Депозитот на крајот од сместувањето се деблокира, доколку апартманот е вратен во првобитната состојба (чист, среден и без оштетени предмети), и гостите ќе го добијат блокираните средства наредните денови (најдоцна до 30 дена, во зависност од банката). Во случај на било какви оштетувања во студиото/апартманот при сместување, гостите се должни да доставaт писмена забелешка до локалната агенција во рок од 48 часови. За точната цена на депозитот и начин на плаќање, информации во агенција, 1 месец пред тргање.
16. **SKI PASS:** После уплатата на депозитот за сместување, водичот ви ги дава Ски картите.

17. **Завршно чистење:** Чистењето на апартманите не е вклучено во цената на аранжманот, па патниците се задолжени за средување на апартманот и доведување на истиот во иста состојба како пред сместувањето. Можно е да се организира чистење но со пријава и плаќање при пријавување. Во **EdenArc,** чистење на апартманот (освен кујнскиот дел) е вклучено во цената.
18. **Цена за чистење:** Студио за 4 лица:71€, Студио со кабина за 4 лица: 81€, Апартмани со 2 соби за 6 лица: 98€. Цените се информативни.
19. Сите дополнителни услуги мора да се резервираат при пријавување во агенција и истите се плаќаат на лице место при сместување.
20. **Цената на депозитот и дополнителните услуги може да биде променета.**
21. **Влез во објект: од 17.00 Напуштање на објект: 08.00 – 09.30**
.
22. **ВАЖНА НАПОМЕНА: ПАТНИЦИТЕ ТРГНУВААТ ИСКЛУЧИВО ОД ПРЕДВИДЕНОТО МЕСТОТО НА ПОАЃАЊЕ ВО СКОПЈЕ, А ВРАЌАЊЕТО ОД ПАТУВАЊЕТО Е ПОВТОРНО ДО ИСТОТО МЕСТО ОД КАДЕ НА ЗАТВОРЕНА ГРУПА.**

- ***Генерален опис на Студиата и Апартманите во LES ARC 1800***

**LES ARCS 1800** е поделен во неколку квартови, сите се меѓусебно споени а жичарите се наоѓаат помеѓу нив. Сите квартови се SKI IN-SKIOUT. За оваа година ви одбравме студиа и апартмани во најдобрите квартови. Распоредот, големината и опремата може да варира од објект до објект, како и цената. Целиот ресорт е **Ski IN-Ski OUT**

- **LES VILLARDS** – центарот на местото кој се смета за центар на скијалиштето со многубројни продавници, супермаркет, базенот и клубови, продавници. Од тука тргаат сите гондоли и жичари кон целиот ски ресорт.
- **CHARMETTOGER**, од едната страна на централниот дел
- **Le CHARVET**, од другата страна на централниот дел
- **Le CHANTEL,** сместен на возвишување над делот Le Charvet, има сопствена жичара за своите гости од Le Charvet

## Odalys Prestige Residence EDENARC 5*











**Локација**
**Odalys Prestige Residence Edenarc**, сместен во делот **Le CHANTEL**, на самите ски патеки. Se состои од 3 згради во кои се сместени 133 апартмани, кои се движат од 1 спална соба до апартмани со 4 спални, распоредени на 6 ката. Резиденцијата има центар за благосостојба со базен, водни капацитети и фитнес сала, со прекрасен поглед над долината Tarentaise. Во непосредна близина е најпознатиот ресторан / бачило на самите ски патеки : **LA FOLIE DOUCE**. https://www.lafoliedouce.com/
Добро опремени, сите апартмани имаат функционална кујна (керамичка плоча, микробранова / скара, машина за миење садови ...) и бања со тоалет. Имате **ТВ и бесплатен Wifi пристап, балкон или тераса** во сите апартмани. Затворен паркинг, 85евра со резервација однапред.
**«Bull» воден центар**
Затворен, загреан базен кој е поврзан со отворен базен. Џакузи,Сауна,Амам,Фитнес сала за релаксација,Spa Nama Springs (влезница)

**Апартман со 1 спална соба за 4 лица (приближно 36 до 43 m²)**
Дневна соба со софа кревет за 2 лица Спална
соба со брачен кревет
Кујна (керамичка плоча за готвење (4 горилници), микробранова/скара, фрижидер, машина за миење садови, вентилатор за вадење, кафемат, котел, тостер)
Бања со тоалет
Балкон или тераса
**Апартман со 2 спални соби „Конфорт“ за 6 лица (приближно 60 до 70м²)**
Дневна соба со софа кревет за 2 лица
Спална соба со 1 брачен кревет
Спална соба со 2 единечни кревети
Опремена кујна (витрокерамичка плоча (4 горилници), микробранова/скара, фрижидер, машина за миење садови, аспиратор, кафемат, котел, тостер)
Туш и бања со тоалет, Балкон или тераса



## Residence "AIGUILLE GRIVE"

Лоцирана во квартот **CHARMETTOGER** на самите скијачки патеки, на 300 м. од центарот на квартот LES VILLARDS Комплексот е составен од 3 згради, секоја со лифт. WI-FI. Дуплекс апартмани. Мезанинот е со висина од 1,8 м. и не е погоден за деца под 6 год.

## Апартман - дуплекс, , со 1 спална соба за 4 лица, 25-30м2, балкон

Идентичен како и Апартманите за 5 лица, со опрема за 4 лица.

## Апартман - дуплекс, , со 1 спална соба за 5 лица, 30м2, балкон








**Дневна соба:** Софа која е се претвара во поединечни лежаји за 2 лица или 1 лице., ТВ, маса, столици.
**Кујна**:отворена кон дневната соба и добро опремена: Комбиниран шпорет, фрижидер, машина за миење на садови, кафемат... **Мезанин со :**
**Отворен дел** : 1 голем кревет за 2 лица **Спална соба** : 2 единечни кревети на спрат
**Бања**: со туш/када, лавабо и тоалет.

## Апартман – дуплекс, , со 1 спална соба за 6 лица, 39м2, балкон,








**Дневна соба:** Софа која е лежај за 1 лице, ТВ, маса, столици.
**Кујна**:отворена кон дневната соба и добро опремена: Шпорет со керамички рингли, фрижидер, машина за миење на садови, тостер, микробранова печка...
**Мезанин со ТВ:**

**Спална соба 1**: 2 единечни кревети
**Сплана соба 2**: 2 единечни кревети на спрат + 1 единечен кревет
**Бања**: 1 купатило со туш/када, лавабо и тоалет, 1 купатило со туш кабина. Посебна просторија само со тоалет во мезанинот.

## Residence "ALLIET'' – Дуплекс апартман за 6 лица

**Резиденцијата АЛИЕТ** е лоцирана во квартот CHARMETTOGER на самите скијачки патеки, на 300 м. од центарот на квартот LES VILLARDS Комплексот е составен од 3 згради, секоја со лифт. WI-FI. Дуплекс апартмани. Мезанинот е со висина од 1,8 м. и не е погоден за деца под 6 год.

### Апартман - дуплекс, , со 1 спална соба  за 6 лица, 34м2, балкон








**Дневна соба** со мини кујна, софа клик клак за 2 лица, ТВ.
**Мезанинот** ( висина 1,8 м.)има 2 кревети на спрат. Посебна соба со 2 единечни кревети или  со голем кревет за 2 лица.
**Кујната** е опремена со фрижидер, шпорет со 2 рингли, микровална, тостер, филтер кафемат, машина за миење на садови, микробранова печка. Купатило со када и тоалет.
**Бања:** 1 бања со када и тоалет**,** 1 тоалет во бања, 2 тоалети одвоени

## Residence "MIRANTIN'' – Дуплекс апартман за 4 лица



**Резиденцијата Мирантин** е  во областа **Charmettoger во Les Arcs 1800 во близина на Residence Archebocs** . Има сина скијачка патека на само 20 метри, а најблискиот ски-лифт е жичарницата Трансарц на 50 метри . Најблиските продавници се оддалечени 200 м . Бесплатна шатл-автобуска услуга оди до центарот на одморалиштето каде што ќе најдете продавници, ресторани, барови и други удобности. **Les Arcs** е поврзан со скијачката област **La Plagne** преку врската Paradiski.








**Дуплекс Апартман** од 30м² кој може да прими до 4 лица
**Дневна соба**: Софа за седење, маса, столици.
**Мезанин** има брачен кревет 140x190 cm и комбинирана софа кревет со димензии 140x190 cm, одделени со завеса. ТВ.
**Кујната** е отворена кон дневната соба,целосно е опремен со електрични рингли, рерна, микробранова печка, машина за миење садови, фрижидер, кафемат, котел и тостер.
**Бања:** Ви стои на располагање бања со када и WC.        Стан за непушачи.

**Влез во објектите: од 17.00    *   Напуштање на објект: 08.00 – 10.00 ***

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА СКИ ЦЕНТАРОТ *LES  ARC 1600-1800-2000*

***LES  ARCS*** е скијалиште со карактер,преубава природа, панорамски поглед и сончева положба. Идеално место за скијање и забава за сите возрасти. Местото е посебно познато по големо внимание за децата. Baby Club за бебиња постари од 4м, Mini-Club за деца 4-6 г. и Kid's Club за деца од 7-12 г. Така родителите може безгрижно да ги остават децата и да скијаат.

****Paradiski (Les Arcs/Peisey-Vallandry/La Plagne)*** е скијалиште со 425 км ски патеки со околу 20 населби и кое стално напредува. Во 2003 направена е нова годола Vanoise Express ( 2000 скијачи на час) која ги поврза двете скијалишта со вкупно 425 км патеки. 70% скипатеките се над 2000 м/нв.Може да скијате и на глечерите Varet (3.226 м/нв.) и Bellecôte (3.250 м/нв.).

За нова забава, французите го создадоа ***Mille8*** за кое потрошија 36 милиони евра. Додадоа нова жичара, гондола, а каблите за wi-fi ги провлекоа по сите ски патеки како би била достапна новата апликација **YUGE**.

***Mille8*** : **"aquafun"** комплекс, покриен воден парк со тобогани,сауна, теретана, велнес центар. Се простира на 3.800 м2 површина. Во рамките на ***Mille8*** е направена нова атрактивна патека за санки, долга 900 м, нов freestyle парк, шеталиште низ шума со специјални `ски чевли`, мини парк за деца,нов ресторан.... Направена е и паралел слалом стаза за туристи....

**YUGE** апликација: напредна апликација која скијачите едноставно ја инсталираат. Додека скијате добивате информации во реално време за

QUALITÉ TOURISME

прогноза на времето, ски патеките, време на чекање на жичарите, информации за дневни атракции но да едноставно пронајдете пријател со кој сте се разминале ....

<u>Жичари и ски лифтови</u> **<u>LES ARC 1600/1800/2000:</u>**
Ски лифтови:37, Гондоли: 3, седишници: 24, брзи влечуги:10
Ски патеки: со вкупна должина од 200км:

- 62 плави, 2 зелени, 44 црвени, 19 црни, 2 Boarder/Skicross, 48 км нордиско скијање.
- 410 топови за вештачки снег

Содржини кои ќе ги најдете во местото: Барови/Пабови, Ресторани, Маркет, Пекара, Spa центар,Турист биро, Банка/банкомат, Продавница на сувенири, Полициска станица, Пошта, Болница, Доктор, Прва помош, Аптека, Планинска служба, Кино Музеј, Куглање, Спортски центар ,Чевли за снег, Параглајдинг, Санки влечени од кучиња, Ноќен клуб/ Дискотека, ски сервис, **Snowpark. GPS** координати: **45.572223, 6.829650**




***НЕХАР ТРАВЕЛ***

***Ви посакува пријатно патување и убав зимски одмор во Франција***




**LES ARCS**
Paradiski

## HÉBERGEMENTS
*ACCOMMODATION*

1 Aiguille des Glaciers
2 Aiguille Grive 1
3 Aiguille Grive 2
4 Aiguille Grive 3
5 Aiguille Grive Chalets Hôtel
6 Alliet
7 Alpages du Chantel
8 Appart'hôtel Eden
9 Arandelières
10 Archeboc
11 Armoise
12 Balcons du Chantel
13 Becqui Rouge
14 Bellecôte
19 Belambra Club Hôtel du Golf
15 Belles Challes
16 Belmont
42 Chardons
41 Croisette
17 Ecrin
18 Grand Arbois
20 Hôtel Mercure
21 Iseran
22 Jardin Alpin
23 Lauzières
24 Mirantin 1
25 Mirantin 2
26 Mirantin 3
27 Miravidi
28 Monarques Edenarc
29 Nova
30 Pierra Menta
43 Prainan
44 Roignaix
31 Roselend
32 Ruitor
33 Saint Bernard
34 Souverains Edenarc
35 Thuria
36 Tournavelles 1
37 Tournavelles 2
45 Val Sapieux
38 Vaugella
39 Villages Clubs du Soleil
40 Vogel

Plan 3D: Kalibbue, Création ABT 2020

Wifi - Paradiski YUGE gratuit dans les espaces publics 24h/24
*Free wifi in public areas*

## SERVICES & LOISIRS / *SERVICES AND LEISURE*

- Office de Tourisme / *Tourist Office*
- La Poste / *Post Office*
- Point information (week-end) / *Information point*
- Point de vente forfait de ski / *Ski Pass Sales*
- Espace achat express forfait / *Ski Pass Express*
- Mairie annexe / *Town Hall*
- Police municipale / *Local Police*
- Pharmacie / *Pharmacy*
- Cabinet médical / *Medical Centre*
- Ascenseur / *Elevator*
- Déchetterie / *Dump*
- Bagagerie / *Luggage room*
- Supérette / *Supermarket*
- Espaces de loisirs / *Recreation areas*
- Centre aqualudique / *Aquafun Centre*
- Centre Congrès B. Taillefer / *Congres Centre*
- Ecole ESI Arc Aventures / *Ski school*
- Ecole du Ski Français / *Ski school*
- Jardin d'enfants écoles de ski / *Children skischool dedicated area*
- Ecole Privilège / *Ski school*
- Bowling
- Laser game

## SE DÉPLACER / *GETTING AROUND*

- Parkings couverts / *Covered car parks* :
  - P1 Charvet
  - P2 Villards
  - P3 Charmettoger
- Zones de stationnement / *Parking areas*
- Parkings privés / *Private parkings*
- Parkings extérieurs / *Outdoor car parks* :
  - P4 Croisette
  - P5 Lauzières
  - P6 Grand Arbois
  - P7 Chantemouche
- Arrêts navettes / *Free shuttle service*
- Terminus bus multi-services / *Multiservices Terminus bus*
  Bagagerie, WC, douches, wifi, ouvert le samedi / *Luggage room toilet, shower, wifi, open on Saturday*
- Télécabine piétons le Dahu Chantel ◄► Charvet
  *Pedestrian Gondola*

**Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Даме Груев бр.18 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724**
**e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП 1-69-653**